МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ММФ
Здружение Мрежа на млади фармери

WE EFFECT

# ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕ МРЕЖА НА МЛАДИ ФАРМЕРИ (ММФ), С. МЕШЕИШТА, ДЕБРЦА

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за прием и исклучување на граѓани и здруженија на граѓани од членство во Здружение Мрежа на млади фармери -ММФ, с. Мешеишта, Дебрца (во понатамошниот текст: Здружението).

**Член 2**

(1) Здружението претставува отворена организација за прием на нови членови.

(2) Здружението, истовремено, водејќи грижа за својот дигнитет, одржливост и нормално функционирање, ќе ги исклучи од членство оние здруженија и граѓани кои со своето однесување, даваат придонес во нивното нарушување.

Исклучувањето и престанокот на членството во здружението настанува:

(1) По сопствено барање на членот или
(2) Со исклучување на членот заради негово дејствување во спротивност со целите на здружението.
(3) За отстранувањето/исклучувањето на членот одлука носи Собранието.

**Член 3**

(1) Надлежните органи на Здружението ќе внимаваат на одржувањето оптимален број на членови, без ограничување на максималниот број на членови.

(2) Здружението за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

(3) Податоците на членовите се заштитени согласно прописите за заштита на личните податоци.

**Член 4**

(1) Член на Здружението може да биде секој граѓанин, државјанин на Република С. Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава и кој има најмалку навршени 18 години.

(2) Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница.
(3) Висината на членарината во Здружението се утврдува на седница на Собранието на здружението.



**„Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и We Effect. Сида и We Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења “.**

(4) Одлуката за утврдување и менување на висината на членарината е полноважна доколку за неа гласале најмалку половина од присутни мнозинство делегати на редовната седница на Собрание. Начинот на плаќањето на членарината се одвива во согласност со одлуката донесена од Управниот одбор на Здружението.

(5) Членот кој во пропишаниот рок не ја подмирил членарината на може да остварува или ужива права според важечките прописи или одлуки сé додека не ги подмири сите долгови.

**Член 5**

(1) Постапката за прием во членство се поведува на барање на заинтересираното лице кандидат за член или на покана на органите на Здружението.

(2) Постапката за прием е итна и транспарентна.

**Член 6**

(1) Барањето за прием во членство на Здружението се поднесува во писмена форма со пополнување на формулар за регистрација и пристапување и доставување до извршната канцеларија (администратор)

(2) Кон барањето се приложуваат лична карта и доказ за платена членарина.

**Член 7**

(1) Барањата за прием во членство на здружението го разгледува администраторот. Тој проверува дали се исполнети условите и дали е доставена пропратната документација. Доколку се исполнети условите го вметнува заинтересираниот кандидат во листата на членови.

**Член 8**

(1) Од Здружението ќе бидат исклучени оние членови кои дејствуваат спротивно одредбите на Статутот, не ги почитуваат или извршуваат одлуките на органите на Здружението, немаат активен придонес кон остварувањето на целите и задачите на Здружението, не ги почитуваат основните принципи, го нарушуваат угледот на Здружението или нејзин член, ниту пак ги остваруваат правата и обврските предвидени во Статутот.

**Член 9**

(1) Предлог за исклучување од членство може да поднесе Претседателот на Управниот одбор или Администраторот.

(2) Предлогот со образложени причини, се поднесува во писмена форма до Управниот одбор , а се усвојува на Собранието на Здружението.

(3) Иницијатива за исклучување до овластените предлагачи може да поднесе секој член на Здружението.



**„Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и We Effect. Сида и We Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења “.**

**Член 10**

Одлуката за исклучување се донесува со мнозинство гласови од присутните претставници од членовите на Здружението на седницата на Собранието.

**Член 11**

(1) Секој-член може доброволно да истапи од Здружението и за таквата намера е должен на соодветен начин да ги информира органите на Здружението.

(2) Истапувањето од членство Управниот одбор  го констатира на првата наредна седница, а се усвојува на Собрание.

**Член 12**

За прием и исклучување од Здружението, на образложен предлог може да се одлучи и по електронски пат.

**Член 13**

(1) Предлогот за прием и исклучување од членство се доставува по електронски пат до сите членови на Управниот одбор  на пријавената официјална адреса најдоцна во рок од три дена од денот кога се стекнале условите за тоа.

(2) Предлогот од ставот  1 го поднесува Администраторот.

(3) Кон предлогот по можност се доставуваат и останатите релевантни документи достапни во електронска верзија.

**Член 14**

Рокот за гласање по прашањето за прием и исклучување од членство не може да биде подолг од 7 дена, од денот на поднесениот предлог.

**Член 15**

(1) Гласањето треба да биде јасно изразено од членовите на Управниот одбор и  истото по електронски пат доставено на посочената адреса на Здружението.

(2) Доколку одделни членови на Управниот одбор воопшто не гласале, ќе се смета дека се воздржале од гласањето.

**Член 16**

(1) Утврдувањето на резултатите од гласањето по електронски пат се врши наредниот ден по истекот на рокот за гласање.

(2) Администраторот во рок од три дена од утврдувањето на резултатите, ги информира сите членови на Здружението за одлуката за прием или исклучување од членство.



**„Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и We Effect. Сида и We Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења “.**

**Член 17**

Постапката од гласањето по електронски пат се чува најмногу една година од денот кога е донесена одлуката, а во отпечатена форма се заведува во деловодникот на Здружението и се чува во архива.

**Член 18**

За се она што не е во спротивност со одредбите од оваа глава се применуваа останатите одредби од Правилникот.

**Член 19**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-02 01.10.2020 година
с. Мешеишта, Дебрца

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР

______________________

Сашо Крцоски



**„Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и We Effect. Сида и We Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења “.**